МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Byroja e zhvillimit të arsimit
Бр./Nr. 09 - 736/3
24.03 2026 год./vit
СКОПЈЕ - SHKUP

Министерство за образование и наука - Биро за развој на образованието
Ministria e Arsimit dhe Shkencës - Byroja e zhvillimit të arsimit
Ministry of Education and Science – Bureau for Development of Education

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | 24 MAR 2026 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. Nj. org. | Број: Numer: | Прилог: Shtojcë: | Вредност: Vlerë: |
| 26 | 199 | 31 | |

До

м-р Роберт Аџипетров, директор

Педагошка служба, Министерство за образование и наука

Предмет: Доставување стручно мислење за коригиран ракопис за учебник по Биологија за II (втора) година гимназиско образование со шифра 012

Почитуван,

Бирото за развој на образованието, согласно Вашето барање со бр. 26-199/30 од 13.3.2026 година, Ви доставува стручно мислење за коригираниот ракопис за учебник по Биологија за II (втора) година гимназиско образование со шифра 012.

Со почит,

м-р Милка Тримчевска

Директор

Изготви: Комисија формирана со Решение бр. 02-736/2 од 16.03.2026 година
Контролирала: м-р Афродита Давко, раководител на одделение
Одобрила: Ајше Ајрулаи, раководител на сектор

736/3

Министерство за образование и наука - Биро за развој на образованието
Ministria e Arsimit dhe Shkencës - Byroja e zhvillimit të arsimit
Ministry of Education and Science – Bureau for Development of Education

**СТРУЧНО МИСЛЕЊЕ**

за коригираниот ракопис за учебник по Биологија за II (втора) година гимназиско образование со шифра 012

Комисијата при Бирото за развој на образованието, формирана со решение бр. 02-736/2 од 16.03.2026 година од страна на директорката на Бирото, го разгледа коригираниот ракопис за учебник по Биологија за II (втора) година гимназиско образование со шифра 012 и го дава следното стручно мислење.

Коригираниот ракопис за учебник по Биологија за II (втора) година гимназиско образование со шифра 012 ги содржи сите теми предвидени со наставната програма по Биологија за II (втора) година гимназиско образование: *Методи во биолошкото истражување*, *Органски системи кај човекот*, *Хистологија и морфологија на растенијата* и *Биотехнологија и генетски инженеринг*.

Ракописот е усогласен со утврдените резултати од учење, содржини и стандарди за оценување од наставната програма. Содржините во учебникот придонесуваат за постигнување на резултатите од учењето предвидени со наставната програма и кореспондираат со стандардите за оценување. Во учебникот се разработени поимите предвидени со наставната програма соодветно на стандардите за оценување.

Содржините во ракописот се презентирани на јасен и прегледен начин, што им овозможува на учениците полесно да ги согледаат поимите и знаењата предвидени со наставната програма. Ракописот содржи практични и истражувачки активности, занимливости, прашања и разновидни илустрации (слики, шеми, табели, дијаграми и сл.), кои се во функција на наставните содржини и се соодветни на возраста на учениците. Наставните содржини се проследени со прашања и задачи што овозможуваат проверка, утврдување и примена на стекнатото знаење, а паралелно со нив, во делот насловен *Интересна биологија*, се дадени и кратки занимливости и дополнителни информации поврзани со темата, со што се поттикнува интересот за изучуваната материја. На крајот од секоја тема е дадено кратко *Резиме на тема*, како и *Прашања за повторување на темата*, кои придонесуваат за повторување, продлабочување и систематизација на опфатените содржини.

И покрај наведените позитивни карактеристики на ракописот, може да се забележи дека одделни содржини се обработени на повисоко ниво и со пошироко објаснување. Поради тоа, при користењето на учебникот се препорачува наставниците да направат соодветна селекција на наставните содржини, во согласност со резултатите од учење и стандардите за оценување утврдени во наставната програма. Дел од пошироко обработените и продлабочени содржини можат да се користат како дополнителен ресурс во рамки на додатната настава, при работа со ученици кои покажуваат поголем интерес или напредни постигања во областа на биологијата.

Министерство за образование и наука - Биро за развој на образованието
Ministria e Arsimit dhe Shkencës - Byroja e zhvillimit të arsimit
Ministry of Education and Science – Bureau for Development of Education

Согласно горенаведеното, Бирото за развој на образованието **дава позитивно стручно мислење** за коригираниот ракопис за учебник по Биологија за II (втора) година гимназиско образование со шифра 012.

Комисија:
Вјолца Мехмети Нуредини – раководител на одделение во БРО, координатор,
д-р Наталија Ацеска, советник во БРО - член

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Republic of North Macedonia
Ул. „Руѓер Бошковиќ" бр. 20, Скопје
Rr. „Rugjer Boshkoviq" nr. 20, Shkup
St. „Rugjer Boshkovikj" nr. 20, Skopje
+389 2 3064 131
www.bro.gov.mk